Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08 - 177/6
Датум: 12 -03- 2025

Постапувајќи по претставката бр. 08-177/1 од 03.02.2025 година, поднесена од адвокат [redacted] од Скопје, со седиште на адвокатска канцеларија на [redacted] во Скопје, против Уставен суд на Република Северна Македонија, за заштита од дискриминација врз основа на општествен статус во областа на правосудството и управата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став (1) точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020) го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**
**за отфрлање на претставка**

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08-177/1 од 03.02.2025 година, поднесена од адвокат [redacted] од Скопје против Уставен суд на Република Северна Македонија, **ПОРАДИ НЕНАДЛЕЖНОСТ.**

**О б р а з л о ж е н и е**

На 03.02.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во натамошниот текст „**Комисијата**") беше поднесена претставка од адвокат [redacted] од Скопје, за заштита од дискриминација врз основа на општествен статус – адвокат, во областа на правосудството и управата, сторена од страна на Уставниот суд на Република Северна Македонија.

Во претставката, доуредувањето на истата и дополнувањето доставено од подносителката се наведува дека претставката е поднесена поради дискриминаторскиот начин на интерна работа на Уставниот суд на Република Северна Македонија при постапување со доставени иницијативи од страна на адвокат [redacted] од Скопје, па посочува дека е нејасно дали дискриминацијата се однесува на подносителите на иницијативите или пак е поради содржината на истите. Ова од причина што според подносителката, без никаков критериум кој е јавно објавен не се постапувало целосно по поднесените иницијативи од нејзина страна, конкретно Иницијатива У. Бр. 47/2023, па следствено се создавала правна несигурност и нееднаква примена на законот. Се наведува дека по наведената Иницијатива судот воопшто не постапувал од нејасни причини. Од друга страна пак судот одлучувал по Иницијатива поднесена од друго лице, а која се однесувала на иста правна работа на која се однесува и Иницијативата на адвокат [redacted] и по оваа иницијатива одлучил така што донел соодветна одлука. По ова

Иницијативата поднесена од адвокатката била ставена на дневен ред на седница на судот и истата со Решение била отфрлена.
Во побарано доуредување, подносителката наведе дека основ за дискриминација е нејзиниот општествен статус – адвокат и ниту едно друго правно релевантно објаснување. Воедно, во доставено дополнување подносителката истакнува дека секоја иницијатива претставувала свовидно авторско дело па и законот за авторските права забранувал копирање на вакви труд од страна на други подносители. Заклучно подносителката наведува дека со оглед да не постои можност сето претходно наведено да се истакне во форма на жалба, истото се истакнува пред Комисијата за спречување и заштита од дискриминација.

По разгледување на претставката и списите приложени кон истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека во конкретниот случај нема надлежност за постапување, а во согласност со член 21 став (1) од Законот за спречување и заштита од дискриминација. Имено, Комисијата е надлежна за постапување во случаи кога подносителот на претставката ќе стори веројатно дека поради одредена негова заштитна карактеристика – дискриминаторка основа истиот бил односно е дискриминиран споредено со друго лице или група на лица во иста или слична фактичка ситуација, а како е тоа предвидено со член 6 од Закон за спречување и заштита од дискриминација.

Со оглед на наведеното, се одлучи како во диспозитивот на овој заклучок.

Скопје,
12.03.2025 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Лимко Бејзароски

Доставено до:
- [redacted]
- Архива на КСЗД